# ИНКОР 25

*Пенетрат за бетон кој делува како инхибитор за корозија на арматурата и хидрофобна импрегнација на бетонски површини на база на силанска емулзија без растворувачи*

*Одговара на EN 1504-9, принцип 11 и на EN 1504-2 :2004 / 1.1(H); 2.1 (H);8.1 (H)*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Инкор 25 преставува течен ниско-вискозен материјал кој се нанесува на површината на оцврснат нов или стар бетон. Материјалот продира во структурата на бетонот и доаѓа до челичната арматура на која формира површински заштитен слој кој ја спречува појавата на корозија. Доколку корозијата е веќе присутна кај арматурата, тогаш Инкор 25 ја забавува понатамошната прогресија. Инкор 25 најчесто се применува при конструктивна санација на армирано бетонски елементи и конструкции. Се препорачува да се користи како дел од системите за површинска заштита на бетоните.

## СВОЈСТВА

- Еднокомпонентен течен материјал;
- Примена кај армиранобетонските елементи каде се претпоставува дека има корозија;
- Одлично се вклопува во системите за заштита на бетонски површини;
- Лесен за нанесување;
- Не го менува површинскиот изглед;
- Водоодбоен(формира водорепелентни површини);
- Водонепропусен;
- Ја намалува капиларната апсорпција на водата на бетонските пресеци;
- Го спречува продорот и миграцијата на хлориди;
- Не е потребно отстранување на бетонски слоеви за да се нанесе;
- Може да се употреби на армирано бетонски елементи каде има појава на корозија;
- На водена база, паропропусен, нетоксичен и без растворувачи;
- Во зависност од квалитетот на бетонот, пенетрира до арматурата и создава заштитен слој околу неа кој служи како инхибитор на корозија, што го прави погоден како дел од системите за површинска заштита на бетоните.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНИ ВРЕДНОСТИ |
|---|---|---|
| Изглед | Визуелно | Бела до бледо жолтеникава течност |
| Густина | EN ISO 2811-1 | 1.12 ± 0.02 g/cm$^3$ |
| pH вредност | ISO 4316 | 12 ± 1 |

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗВЕДБА

## ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

Подлогата која се третира со Инкор 25 треба да е чиста, обеспрашена, без остатоци од боја и масла. Чистењето на подлогата се врши со воздух или вода под притисок или со пескарење. Се препорачува апликацијата на Инкор 25 да се врши на сува површина (колку е посува површината, толку е подобра пенетрацијата и ефективноста).



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk

ЗАШТИТНИ ПРЕМАЗИ

## ВГРАДУВАЊЕ

Апликацијата на Инкор 25 се врши со четка, ваљак или најпрепорачливо е со распрскување. Материјалот се нанесува во повеќе работни постапки (оптимално се четири работни постапки) до заситување на подлогата. Временскиот период помеѓу слоевите е од приближно 15 – 20 мин во зависност од порозноста на бетонот. После 24h откако ќе се постигне заситување на подлогата, истата се чисти со вода под притисок. На така подготвена подлога можна е апликација на други премази и материјали.
Инкор 25 не се нанесува доколку температурата на површината е под 5ºC и над 35ºC, или доколку се очекува дожд во период до 3 часа по нанесувањето на материјалот. Пред апликација, потребно е да се промеша материјалот.

## ПОТРОШУВАЧКА

Минимум 0,4 - 0,6 kg/m$^2$

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти од 5 и 20 kg;

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5ºC до 35ºC, заштитен од директно изложување на сонце . Рок на употреба: 12 месеци.



Опасност по здравјето: Инкор 25 не содржи токсични материи, и покрај тоа потребно е да се внимава да не дојде во контакт со кожа, очи или да се проголта. Во случај на прскање на кожа или очи, потребно е испирање со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Инкор 25 не е незапалив.
Чистење и депонирање: Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедосниот лист на производот



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk